

ДНУ ПРИЛЕП

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ - ПРИЛЕП

# JURNAL OF PAPERS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

ТОМ 36-37 ГОДИШТЕ
2020-2021
ПРИЛЕП, 2024

| СП.ТР.ДНУ-ПРИЛЕП 36/37 | Стр 1-170, Прилеп, 2024 |
| --- | --- |
| JUR.PAP.SSA-PRILEP 36/37 | Page 1-170, Prilep, 2024 |

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ ПРИЛЕП

# JOURNAL OF PAPERS OF SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

**Том 36 – 37**

**Годиште 2020 – 2021**

**Прилеп 2024**

**Излегува:** еднаш годишно

**Главен и одговорен уредник**

**Editor in chief**

вон. проф д-р Силвана Пашовска

**Редакциски одбор**

**Editorijal board**

вон. проф. д-р Силвана Пашовска

проф. д-р Љубен Попоски

проф. д-р Јованка Тутеска

проф. д-р Гордана Мицеска

Тодор Алексоски

проф д-р Цане Котески

**Превод на англиски јазик**

**Translade in to English**

Од авторите

**Bt the authors**

**Јазична редакција и корекција**

**Language editing and proofreading**

Тодор Алексоски

**За издавачот**

Вон. проф д-р Силвана Пашовска

**Списание на трудови на ДНУ-Прилеп бр. 36 – 37 , 2020 – 2021**

**Печати: Печатница „Ипринт" – Прилеп**

**Тираж: 150 примероци**

**Адреса на Редакцијата на списанието:**

ДНУ-Прилеп. 7 500, Прилепски бранители бр. 40, п.фах 172

**ISSN 0352 – 3497**

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ

# ДРУШТВО ЗА НАУКА И УМЕТНОСТ-ПРИЛЕП

## СОДРЖИНА

**Предговор**--------------------------------------------------------------------------------------------3

**Решение**----------------------------------------------------------------------------------------------4

**Тодор Алексоски – писател**

Ако веруваш во себе, ќе успееш - Македонски бисери на мудроста II.--------------- 7

**Златко Ангелески – протојереј**

Музичкиот опус на Нина Спирова како белег на едно време.--------------------------15

**м-р Зоран Василески**

Геоекономските аспекти и улогата на економската дипломатија во економската безбедност со посебен осврт на Република Северна Македонија.---------------------26

**д-р Ѓорѓиоска Емилија**

Поедноставено друштво со ограничена одговорност според македонското законодавство.---------------------------------------------------------------------------------37

**м-р Каролина Мицевска**

Комуникацијата клучен фактор за успех------------------------------------------------49

**Митрополит д-р Григориј Настески**

Градењето мир во окружувањето на лидерот, поттикнува продуктивност и кај неуредните и најлошите престапници----------------------------------------------------55

**Кирил Настески дипл. инж. Арх.**

Проектна програма - Уредување и реконструкција на сливното подрачје од Прилепска Река и нејзиното корито.--------------------------------------------68

**вон. проф д-р Силвана Пашовска и проф. д-р Љубен Попоски**

Движења и трендови во производството на ориенталски тутун во Македонија--86

**м-р Ѓорѓи Петкоски и проф. д-р Цане Котески**

Улогата на манастирот Св. Јован Претеча с. Слепче за развој на туризмот во Пелагонискиот планински регион------94

**Петар Петрески – писател**

Последно умилкување на Константин Факман------101

**Проф. д-р Љубен Попоски и Тодор Алексоски**

Легализација на марихуаната За или против------105

**Проф. д-р Љубен Попоски и Тодор Алексоски**

Марихуаната транзитира, но и се произведува во Р. С. Македонија------115

**м-р Душан Талески**

Знаење и работници со знаење------128

**м-р Зоран Трајкоски**

Управување со односите на клиентите - еволуција на концептот------139

***Уметничко катче***------151

**Благоја Бошкоски-Окото – поет**------151

Поезија

**Филип Димкоски – поет**------154

Поезија

**Марија Симоноска – поет**------157

Поезија

**Асен С. Стаменов – поет**------164

Поезија и Проза

**Новоизбрани членови на Годишното собрание 26. 04. 2024 година**--169

**IN NEMORIJAM**------169

**Упатство за авторите**------170

# УЛОГАТА НА МАНАСТИРОТ СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА С. СЛЕПЧЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# THE ROLE OF THE MONASTERY OF ST. JOVAN PRETECA V. SLEPCE FOR TOURISM DEVELOPMENT IN THE PELAGONIAN PLANNING REGION

Ѓорѓи Петкоски
Факултет за Туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, Северна Македонија, petkoskigjorgji@gmail.com

Цане Котески
Факултет за Туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев-Штип, Северна Македонија, cane.koteski@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Слепченски манастир се наоѓа на околу 3 км од с. Слепче, Општина Демир Хисар.

Манастирот „Св. Јован Претеча" е еден од најголемите и добро сочувани манастирски комплекси во областа Железник и пошироко. Слепче се наоѓа во областа Железник, на 2 километри западно од градот Демир Хисар, а десно од патот Кичево - Демир Хисар, на 680 м. н. в. Сместено е во источните падини на Илиница. Земјиштето на Слепче е 24,5 км$^2$, од кои шумите заземаат површина од 1737 ха или поголемиот дел од земјиштето, обработлива површина заземаат 365 ха, а пасиштата 367 ха. Манастирот располага со голем земјишен фонд, и освен инпиративен мир и тишина. Манастирот датира уште од 5 век, тој податок постои на една преклопна карта. Подемот Манастирот го доживува во Светоклиментово време кога станува ставропигијален манастир на Охридскиот Архиепископ. Манастирот прераснал во голем скрипториски центар, кој работел за потребите на архиепископијата.Тогаш во него се вршат преписи на книги, преводи од старогрчки и латински јазик за потребите на Охридската архиепископија, но се развива и творештвото во Манастирот, се пишуваат богословско - философски трактати, зборници и.т.н. Еден од најстарите сочувани артефакти е еден Апостол кој датира од втората половина на 10 век и 11 век, претставува палимпсест, а воедно и најстар препис на словенскиот превод на Апостолот директно од перото на светите браќа Кирил и Методиј.

Овој ракопис е воедно и најстариот сочуван словенски Апостол, а денес помеѓу науката носи и латински назив Praxapostolos slepcensis.

**Клучни зборови:** туризам, туристи, религиозен објект, културно наследство, духовност.

**ABSTRACT**

The Slepchen Monastery is located about 3 km from the municipality of Slepce, The Municipality of Demir Hisar. The Monastery of St. Constantine and Helena Jovan Preteca" is one of the largest and well-preserved monastery complexes in the Zheleznik region and beyond. Slepce is located in the Zheleznik area, 2 km west of the town of Demir Hisar, and to the right of the Kicevo-Demir Hisar road, 680 m altitude. It is located in the eastern slopes of

Ilinitsa. Slepce is 24.5 km2, of which forests occupy an area of 1737 ha or most of the land, arable land occupy 365 ha and pastures 367 ha. The monastery has a large land fund, and in addition to inspiring peace and silence. The monastery dates back to the 5th century, and this data exists on a folding map.

The rise of the Monastery was experienced in Svetokliment's time when it became a stavropigial monastery of the Archbishop of Ohrid. The monastery grew into a large scriptor center, which worked for the needs of the archdiocese. It then transcribes books, translations from Ancient Greek and Latin for the needs of the Ohrid Archdiocese, but also develops creation in the Monastery, writes theological-philosophical tracts, dictionaries, etc. One of the oldest preserved artifacts is an Apostle dating back to the second half of the 10th and 11th centuries, representing a palimpsest, and also the oldest transcript of the Slavic translation of the Apostle directly from the pen of the holy brothers Cyril and Methodius. This manuscript is also the oldest preserved Slavic Apostle, and today it bears the Latin name Praxapostolos slepcensis among science.

**Key words**: tourism, tourists, religious building, cultural heritage, spirituality.

## Вовед

Многу значајна улога има манастирскиот туризам во развојот на туризмот во Пелагонискиот плански регион и во Република Северна Македонија. Република Северна Македонија и Пелагонискиот плански регион кој ги опфаќа градовите: Битола, Демир Хисар, Крушево, Ресен, Прилеп и селските општини: Долнени, Кривогаштани и Новаци имаат многу значајни манастири од различни периоди и од повеќе аспекти: културен, историски, религиозен и туристички. Во Република Северна Македонија имаме манастири кои постојат и се стари повеќе од еден милениум (1000 години) како на пример Бигорскиот Манастир и Св Наум. Манастирите во Пелагонискиот плански регион се од значајно духовна вредност за православните христијани и странските туристи. Познати манастири се : Св. Богородица – Трескавец, Св. Илија- Мелница, Св. Преображдение – Крушево (кој го обнови Тоше Проески), Св. Ана – Молоишта, Св. Спас – Крушево, Св. Богородица – Ѓавато, Св. Јован Претеча – Слепче, Св. Петар и Павле – Смилево и Св. Никола – Долно Дивјаци. Исто така во манастирите има конаци со кревети кои им се нудат за спиење на посетителите, исто така постојат и куњи за готвење на храна. Јас како професионален готвач како специјалист од обласа на Туризмот и угостителството често сум повикуван да готвам на манастирските слави. Треба да се спомнат големите количини зготвена храна и благодета господова на зготвените јадења кои имаат прекрасен вкус и секогаш се запаметени манастирските јадења кај присутните гости.

## 1. Историски развој на Манастирот Св. Јован Претеча с. Слепче

Подигнат е во 1393 година. Овој податок е според најстариот пишан документ кога во манастирот е препишан еден триод на словенски јазик. Но, првпат конкретно манастирот се споменува во 1543 година, во едно писмо на протопопот Лука.

Манастирот бил културно - просветен центар каде што се подготвувале свештеници и учители на словенско - македонски јазик. Историјата го памети манастирот и како центар во кој постоела уметничка резбарска школа. Од сочуваните стари уметнички предмети, со својата вредност посебно се важни “Големиот крст со распнатиот Христос” од XVI век, “Царските двери” и певниците изработени во копаница. Во некои извори се спомнува дека манастирот е изграден во 1010 година,

односно пред познатата битка помеѓу македонскиот цар Самоил и грчкиот цар Василиј II, што се одиграла на Беласица во 1040 година и завршила со трагичното ослепување на самоиловите војници. Ослепената војска, по битката, се задржала во месноста на денешното село Слепче, кое, според овој историски настан, го добило и своето име. Манастирот располага со голем земјишен фонд и развиена манастирска економија. Неговото природно опкружување е богато со манастирска дабова и букова шума и разновидни ендемични растителни видови, како со и ливади кои нудат одлични услови за рекреација, пешачење во природа, лов, собирање на шумски плодови и планинарење.




**Слика 1.**Дворот на манастирот Св. Јован Претеча

Извор**:** http://www.porta3.mk/manastirot-sv-jovan-pretecha-vo-selo-slepche

## 2. Житије на Св. Кипријан Слепченски

Свети маченик Кипријан Слепченски - македонски православен светител од времето на турското владеење во Македонија. Според досегашните научни сознанија се знае дека Кипријан служел во манастирот „Св. Јован Претеча“ кај Слепче, и дека маченички се упокоил на Велигден во 1780 година. Се претпоставува дека бил на возраст од околу 60 години. Игуменот Кипријан бил погребан во дворот на црквата во Слепче. Во рамките на подготовките за кантонизација на игуменот, се испитува дали овој новомаченик водел потекло од слепченскиот крај. Досега не постои пишан документ за неговото место на раѓање. Во тек е изработката на неговата икона што се изработува во сестринското ателје на манастирот Слепче. За маченичката смрт на Кипријан има вреден запис на македонски народен говор, зачуван од 1780 година. Непознат автор овој текст го допишал во многу постаро евангелие, поточно во „Четвороевангелие“ од 1548 година на познатиот македонски книжевник Висарион Дебарски. Во вметнатиот запис на непознатиот автор пишува дека во 1780 година „*среде лето се стори скапија, пченицата помина килото дванаисет гроша, а хрита помина килото осом гроша и раната за имајнето се стори скапа, сеното помина по три*.“ Во записот понатаму е напишано дека Турци го ограбиле манастирот во Слепче и го спалиле игуменот.Запишано е дека

арамиите при грабежот од манастирот украле и свети мошти со сребрена кутија, која чинела 120 гроша, три икони, бакар, руба и се што пронашле во храмот однеле во тогашниот Монастир (Битола). Записот е значаен не само од историски аспект, туку и од јазичен, зашто бил напишан на македонски народен говор од централно македонско наречје. Денес, Висарионово „Четвороевангелие“ се наоѓа во Народната библиотека во Белград, Србија. Манастирот во Слепче бил познат книжевен и преведувачки центар. Овде книжевната дејност се појавила во 11 век и осум века се создавале вредни ракописи. За жал, овој вреден скрипториум бил разграбан во 19 век и ракописите однесени во Русија, Србија, Бугарија и на други места. Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква на редовна седница одржана на 24 февруари 2017 година донесе одлука за негова канонизација. Канонизацијата на Свети Кипријан Слепченски се одржала на 30 април 2017 година во манастирот „Свети Јован Претеча“ во Слепче, Демир Хисар. На канонизација за прв пат беа изложени светите мошти на Свети Кипријан Слепчански кои се чуваат во овој манастир, како и иконата насликана од манастирското сестринство.




**Слика 2**. Св Кипријан Слепченски

Извор: Свети Кипријан Слепченски — Православна-енциклопедија (orthodoxwiki.org)

## 3. Економија на манастирот

Сестринството во манастирот на чело со Архимандритот има разработено овоштарство земјоделие сточарство и обработка на филиграни со срма. Од овошје се произведуваат мармалад од капинки, мармалад од малини, мармалад од шипки, мармалад од дренки, мармалад од вишни мармалад од шумски јагоди деликатес од боровинки, мед, мед со матичен млеч, матичен млеч медовитал со полен прополис и матичен млеч. Јаболков оцет кој е 100% природен. Има продажен простор за купопродажба на сувенири што ги изработуваат монахињите од манастирот: магнети, сувенирски крст, сувенир манастир, уметност на камен, убави филиграни и сл.



**Слика 3**. Филигран со срма

Извор : Филигран со срма | Манастир Св. Јован Претеча С. Слепче (manastirslepche.mk)

## 4. Приготвување и послужување на храна во кујната и трпезаријата на манастирот

Неизбежна работа во секој манастир е кујната и трпезаријата. На денот на манастирската слава 7 јули се подготвуваат посни јадења, бидејќи е петровденскиот пост.

***На овај ден се приготвуваат следните посни јадења:***

- ***Манастирски грав*** (подготвувањето е на следниов начин и тоа за една особа се ставаат грав 0,120 грама, кромид 0,030 грама, морков 0,010 грама зачини масло потоа се вари гравот 3 до 4 часа на тивок оган на шпорет ѕидан на дрва правата мајсторија е во тоа што е готвено на дрва).
- ***Посна јанија*** (во јанијата се става зеленчук од: кромид, морков, праз, компир, масло, грашак, црвена пипер, ѓувеќ постапката за приготвување е следна: во казанот се става масло потоа кромидот, морковот и празот се пржат потоа се додава црвената пипер, пота се пропржува и се додава ѓувеќот, и потоа се остава да динста едно 90 минути. Потоа се додава компирот и грашакот. Кога ќе се сварат компирот и грашакот јанијата се запржува и се зачинува).
- ***Исто така има и салати плус од главните јадења и тоа:*** салата од зелка, мешана салата и туршија.


**Слика 4**. Посно Тавче-гравче

Извор : Шеф М-р. Ѓорѓи Петкоски

## 5. Посетеност на манастирот

Манастирот Св. Јован Претеча е најпосетен за време на неговата слава 7 јули и 11 септември – отсекувањето на главата на Св. Јован Крстител. Посетен е преку неделата, викендите и во сите други периоди од годината. Манастирот Св. Јован Претеча е место со долга историја, кое Прилепчани и Битолчани, традиционално многу го посетувале и во минатото и сега а голем интерес има за овај споменик на културата покажуваат и гостите од целата наша држава Република Северна Македонија, како и странците. Во просек неделно го посетуваат по 200 - 300 туристи од целиот свет, авантуристи и вљубеници во културното наследство и во природата од: Германија, Австралија, Шведска, Швајцарија и др.

## Заклучок

Манастирот Св. Јован Претеча привлекува доста туристи и верници и претставува голем потенцијал за развој на религиозниот туризам на Пелагонискит плански регион. Инт
ересно е да се каже дека мотивацијата е доживување на духовното богатство преку Светата Литургија, разговорот со духовникот, нивниот живот и молитвата. Конаците во манастирот имаат голема улога за преноќување на посетителите од нашата држава и странските туристи. Исто така има и куњa за приготвување на храна и трпезарија за послужување на храна. Природата околу манастирот е вистински рај за уживање, од која сите гости и туристи се инпресионирани. Секој домашен гостин и турист кој го посетил

манастирот е воодушевен од неговата архитектура, амбиентот, природата околу манастирот и вкусно подготвената храна.

## Conclusion

The Monastery of St. Jovan Preteca attracts many tourists and believers and is a great potential for the development of religious tourism of the Pelagonian Planning Region. It is interesting to say that motivation is the experience of spiritual wealth through the Holy Seminary, the conversation with the cleric, their life and prayer.

The rooms of the monastery play a major role in overnighting visitors from our country and foreign tourists. There is also a kitchen for preparing food and a dining room for serving food.

The nature around the monastery is a true paradise to enjoy, of which all guests and tourists are impressed. Every domestic guest and tourist who visited the monastery is delighted with its architecture, ambition, nature around the monastery and deliciously prepared food.

## Литература:


1. Vrguljan V, Medjunarodni sistem zastite kulturnih i prirodnih dobara, Zagreb – Beograd,1985
2. Димитров, В.,Н., Котески, Ц.(2015). Туристичка географија, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, ISBN 978-608-244-216-7,
3. Котески, Ц., Димитров, В., Н.(2019). Национална туристичка географија, ISBN 978-608-244-641-7 Универзитет "Гоце Делчев"- Штип,
4. Koteski, Cane (2010) Меѓународен туристички сообраќај – авторизирани предавања.
5. Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko (2016) Состојба на македонската сообраќајна мрежа и нејзиното влијание врз меѓународниот сообраќај. Bulletin of Papers ASA - 2008-2009. pp. 53-69. ISSN 0352-3497 6. Котески, Ц.(2017). Сообраќај во туризмот, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, ISBN 978-608-244-395-9
7. Просторен План на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање (2.07. 2107).
8. Ристов Ј.(1997). Споменичка терминологија – генерички поими за заштитени добра со избор на дефиниции, Скопје.
9. Никола В. Димитров, Дејан Методијески, Цане Котески, Тања Ангелкова Петкова (2017) Религиозен туризам http://e-lib.ugd.edu.mk/709 , „Гоце Делчев“ Универзитет, Штип. ISBN 978-608-244-463-5